ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 12 февруари 2016

# СООПШТЕНИЕ

## за подигнување на електронски здравствени картички

Фондот за здравствено осигурување сака да ве информира дека по три недели од изработката и дистрибуцијата на електронските здравствени картички во подрачните служби, досега се подигнати 33.154 електронски здравствени картички од вкупно изработени 106.541 за лицата кои имаа поднесено барање и уплатено, а ги немаа добиено картичките.

Во оваа прилика ги повикуваме граѓаните кои не си ги подигнале картичките да дојдат и да си ги подигнат во подрачните служби, при што можат веднаш да направат и активирањето на новите картички, или тоа да го направат кај својот матичен лекар. При првата употреба на езк кај матичниот лекар осигуреникот внесува пин за понатамошно користење и заштита на езк.

Подигнувањето на езк се врши на шалтерите во подрачната служба на ФЗОМ. Сите потребни информации за електронските здравствени картички граѓаните може да ги добијат во подрачните служби на Фондот или на бесплатниот телефонски број **080033222** од 8:30 – 16:30 часот секој работен ден. Дополнително може да се информираат и на маил адресите info@fzo.org.mk, helpdesk@fzo.org.mk и на веб страницата на Фондот, во делот мое осигурување https://moeosiguruvanje.fzo.org.mk/

Фондот останува посветен на зацртаните проекти.